(Образец ПП.....)

До: Општина Ранковце
Адреса: Населено место без уличен систем, Поштенски Број 1316 Ранковце РСМакедонија
Ленче Добрашиновиќ
службено лице задолжено за посредување при остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
e-mail: lenche.dobrashinovic@rankovce. gov.mk

Овластено лице за информации од јавен карактер
04.09.2024 г.

Архивски број: ____
Рок на чување: ____
19__ год.
Орг. ед.: ____

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

Примено: 04.09.2024			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
25	1002/1		

(имател на информацијата)

БАРАЊЕ
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Ве молам да не информирате во врска со состојбата со следните документи, кои се обврзни согласно националното законодавство и општината треба да ги поседува. Некои од подолу наведените документи не се законски обврзни, но законот дава можност општината да ги изработи, усвои и реализира. **Ве молам доколку ги имате да ни ги доставите или да ни испратите линк каде може да ги најдеме. Исто така, доколку не се изготвени, Ве молам за образложение поради која причина не се изготвени, односно дали имате предвидено да ги изработите и кога.**

Согласно член 56 од Законот за животна средина, Субјекти кои поседуваат информации за животната средина (каде се вбројуваат и ЕЛС), се должни, во зависност од нивната надлежност, информациите за животната средина со кои располагаат или кои други ги чуваат во нивно име, да обезбедат ширење, достапност на јавноста и одржување на информациите, во форми и во формати кои можат лесно да се репродуцираат и да бидат достапни преку мрежите на електронска комуникација

1. ЛЕАП
2. План/Програма за управување со отпад
3. Програма за енергетска ефикасност
4. Стратегија за управување со климатски промени
5. Стратегија за одржлив развој
6. Програма за заштита на животната средина

7. Стратегија за локален рурален развој
8. План за ерозија
9. План за стопанисување со шуми
10. План за уредување на речни корита
11. Програма за финансирање на ГО
12. Програма за комунални дејности
13. Програма за одржување на јавна чистота
14. Програма за изработка на урбанистички планови
15. План за заштита од природни непогоди
16. Локални мрежи за мониторинг на почва
17. Локални мрежи за мониторинг на води
18. Локални мрежи за мониторинг на воздух
19. Локални мрежи за мониторинг на бучава
20. Локални мрежи за мониторинг на биодиверзитет
21. Катастар за животна средина
22. Извештај за состојбата со животната средина
23. План за управување со заштитено подрачје
24. Разни планови за климатска акција
25. Повици за субвенционирање на активности за намалување на стаклени гасови

(друга информација која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) **електронски запис**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во [redacted] година .

Потп[redacted]

(доколку барањето се по[redacted]рма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

бр. 25-1002/4

18.09 2024 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), а по овластување на Градоначалникот на Општина Ранковце, согласно Решение број 08-231/1 од 13.02.2024 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] преку застапник/полномошник [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце преку Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 18.09.2024 година, го донесе следното

РЕШЕНИЕ

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од [redacted] до Општина Ранковце, заведено под бр. 25-1002/1 од 04.09.2024 година **СЕ УВАЖУВА**.
Се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и како такви ќе бидат доставени до барателот информациите со кои располага Општина Ранковце.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Општина Ранковце доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации [redacted] преку застапник/полномошник [redacted] кое е примено на 04.09.2024 година и заведено во архива под бр.25-1002/1, со кое Барателот бара преку е-маил да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

Да не информирате во врска со состојбата со следните документи, кои се обврзни согласно националното законодавство и општината треба да ги поседува. Некои од подолу наведените документи не се законски обврзни, но законот дава можност општината да ги изработи, усвои и реализира. Ве молам доколку ги имате да ни ги доставите или да ни испратите линк каде може да ги најдеме. Исто така, доколку не се изготвени, Ве молам за образложение поради која причина не се изготвени, односно дали имате предвидено да ги изработите и кога.

1. ЛЕАП
2. План/Програма за управување со отпад
3. Програма за енергетска ефикасност
4. Стратегија за управување со климатски промени
5. Стратегија за одржлив развој
6. Програма за заштита на животната средина
7. Стратегија за локален рурален развој
8. План за ерозија
9. План за стопанисување со шуми
10. План за уредување на речни корита
11. Програма за финансирање на ГО
12. Програма за комунални дејности

13. Програма за одржување на јавна чистота
14. Програма за изработка на урбанистички планови
15. План за заштита од природни непогоди
16. Локални мрежи за мониторинг на почва
17. Локални мрежи за мониторинг на води
18. Локални мрежи за мониторинг на воздух
19. Локални мрежи за мониторинг на бучава
20. Локални мрежи за мониторинг на биодиверзитет
21. Катастар за животна средина
22. Извештај за состојбата со животната средина
23. План за управување со заштитено подрачје
24. Разни планови за климатска акција
25. Повици за субвенционирање на активности за намалување на стакленички гасови.

Постапувајќи по наведеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце врз основа на информациите со кои располага, а имајќи ја предвид горенаведената одредба од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на Барателот [redacted] му се доставува следната информација:

Општина Ранковце од наведените документи ги има изработено следните : Програма за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година, Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2024 година, Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Ранковце за 2024 година и Програма за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2024 година.

Програмите се јавно достапни на интернет страната на Општина Ранковце - „Службен гласник на Општина Ранковце" број 14 за 2023 година, под точка 6, 10, 14, и 16 од содржината.

Наведените документи можете да ги најдете на линкот:
https://rankovce.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/sluzhben-glasnik-br.-14-za-2023-godina.pdf

За преостанатите документи кои не се наведени, предвидено е да се изработат во иднина.

Согласно горенаведеното Општина Ранковце одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Александар Стојановски

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

Доставено до:
- Барател на информацијата
- Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр 25-1002/5
18.09 2024 год.
РАНКОВЦЕ

До

[redacted]

Предмет: Достава на информација

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информација од јавен карактер кое е заведено во архива под број 25-1002/1, од 04.09.2024 година со кое барате од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да Ви бидат доставени во електронски запис на е-маил определени информации Општина Ранковце донесе Решение со кое го уважи Вашето барање и констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и Ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и ќе бидат доставени во бараната форма и тоа:

Прилог:

- Решение бр. 25-1002/4 од 18.09.2024 година;

Со почит,

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Александар Стојановски

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски